Врз основа на член 70 став 2 од Законот за домување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 99/2009) министерот за транспорт и врски донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НОРМИТЕ И СТАНДАРДИТЕ ЗА ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИТЕ ЗГРАДИ**

Член 1

Во Правилникот за нормите и стандардите за домување во станбените згради („Службен весник на Република Македонија“ број 27/10), во член 3 алинејата 2 се менува и гласи:
„- список на станари со име и презиме, спрат и број на стан, односно назив на фирми кои вршат деловна дејност во станбената зграда, по предходна поединечна писмена согласност на истите доставена до управителот или претседателот на заедницата на сопственици“.

Член 2

Членот 4 се менува и гласи:
„ Во ходникот од влезот на станбената зграда треба на видно место да се поставени поштенски сандачиња со број на станот и спрат на кој станот односно деловниот простор се наоѓа.
По исклучок од став 1 на овој член доколку сопственикот или закупецот на станот односно сопственикот или закупецот на деловниот простор сака на поштенското сандаче да биде истакнато и името и презимето односно називот на фирмата истите самиот ги истакнува“.

Член 3

Во членот 6 зборот „треба“ се заменува со зборот „можат“.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.